**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје член 383 и член 384 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 20.05. 2022 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
***за продажба на недвижен имот***

**Член 1**

Годишното собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје донесе одлука за продажба на недвижен имот:

- опишан во имотен лист број 2236 за КО Буково, КП 3001 и имотен лист 100045 КП 3001, КО Буково,

издадени од Агенција за катастар на недвижност на Р.С.М.

**Член 2**

Годишното собрание на акционери го овластува органот на управување на Друштвото при определувањето на купопродажната цена истата да не биде пониска од проценетата пазарна вредност изработена од овластен проценител.

Се овластува органот на управување на Друштвото поблиску да ги определи и другите потребни активности и податоци за реализација на оваа одлука, во рамки на своите надлежности согласно ЗТД и Статутот на Друштвото.

Книговодствената вредност на имотот предмет на продажба, согласно последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото не претставува голема зделка согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 20.05.2022 година во рамки на своите овластувања согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва и другите позитивни прописи, донесе одлука како во диспозитивот.*

**Број 02-137/8**
**20.05.2022 год.**

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
***Претседавач,***

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешно трговско работење, производство и промет
МАКОШПЕД
АД-СКОПЈЕ